*Службен весник на Република Македонија бр.72/2003*

# ЗАКОН
## за гаранција на Република Македонија по Финансискиот договор за заем склучен помеѓу Европската инвестициона банка и Електростопанство на Македонија А.Д за реализација на Проектот за изградба на трафостаници во Република Македонија

Член 1

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските по Финансискиот договор за заем за реализација на Проектот за изградба на трафостаници во Република Македонија што ќе се склучи помеѓу Европската инвестициона банка и Електростопанство на Македонија А.Д. во износ од 13 милиони евра.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон, ќе бидат утврдени со Финансискиот договор за заем помеѓу Електростопанство на Македонија А.Д. и Европската инвестициона банка и Договорот за обесштетување и гаранција помеѓу Министерството за финансии и Европската инвестициона банка, за финансирање на Проектот за изградба на трафостаници во Република Македонија.

Член 3

Сите финансиски обврски кои произлегуваат од Финансискиот договор за заемот од член 1 на овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе ги измирува Електростопанство на Македонија А.Д. од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Финансискиот договор за заем.

Член 4

Заемот од член 1 на овој закон ќе се отплаќа на следниот начин:
Рокот на отплата е 20 години со вклучен грејс период од 5 години.
Каматната стапка која ќе се пресметува за секоја повлечена транша одделно, ќе се утврдува од страна на Европска инвестициона банка на денот на повлекувањето на траншата од заемот и може да биде:
- фиксна каматна стапка; или
- променлива каматна стапка позиционирана на ЕУРИБОР+ 0,40%.

Електростопанство на Македонија А.Д. ќе одлучи која каматна стапка ќе се применува на секоја од траншите од заемот согласно понудените опции во став 3 на овој член.

Заемот ќе се отплаќа во еднакви полугодишни рати во согласност со плановите на отплата. За секоја транша од заемот ќе се изготвува посебен план на отплата согласно условите и роковите дадени во овој член и ќе бидат составен дел на Финансискиот договор за заем.

Член 5

Доколку доспеаните обврски по основ на камата и главница, во роковите утврдени со Финансискиот договор за заем, во име на Електростопанство на Македонија А.Д. ги плати Република Македонија, Електростопанство на Македонија А.Д. е должно во рок од 30 дена, од денот на извршувањето на обврската, да пренесе во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија, денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за настанатите трошоци поврзани со соодветната трансакција.

Министерот за финансии може да издаде налог до Управата за јавни приходи за блокирање на средствата на Електростопанство на Македонија А.Д. по основа на враќање на ДДВ со цел да се измират доспеаните обврски кон кредиторот, односно да се надоместат на државата денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за настанатите трошоци поврзани со соодветната трансакција.

Член 6

Министерството за финансии и Електростопанство на Македонија А.Д. ќе склучат договор со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски по основ на издадената гаранција кон Европска инвестициона банка.

Член 7

Овој закон влегува во сила 8 дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".